Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19 и 47/21), а во врска со член 15 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), Советот на Општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година донесе:

# ПРОГРАМА

## За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово за 2025 година

Согласно Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување на Општина Берово, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите поврзани со јавното осветлување во општината.

Со Програма се утврдуваат активностите за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување за 2025 год. односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во Општината.

Финансирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирано со Законот за комуналните такси (Сл. Весник на РМ бр. 61/04, 64/05, 92/07 ), според кој за користење и одржавање на јавното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 25 киловат час за домаќинства и 50 киловат час за правни лица, трговски друштва и занаетчии по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електричната енергија.

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши „ЕД Македонија“ и ја уплатува на сметка на Буџетот на Општина Берово.

Бројот на имателите на броила во текот на годината е променлив од причини што има пријавено потрошувачи и потрошувачи кои се одјавуваат и не користат електрична енергија .

Мрежата за јавно осветлување се напојува од 40 трафостаници во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовното одржување на јавното осветлување е опфатено:

- Набавка и вградување на нови светлосни тела
- Замена на прегорени и скршени сијалици
- Замена на оштетени светлосни арматури
- Замена на заштитни стакла
- Замена на сите останати елементи на сијаличното место ( пригушници, фасонки и др.)
- Замена на сите останати елементи на трафостаниците (осигурувачи, контактори, ормари и др.)
- Набавка и уградување на надземен и подземен кабел и слично за проширување на мрежата
- Набавка и потставување на дрвени, бетонски и метални столбови за проширување на мрежата

**Јавно осветлување:**

За тековната потрошувачка на електрична енергија ............................................ 7.000.000,00 ден

**Изградба и тековно одржување/санирање на јавно осветлување :**

За одржување на јавното осветлување ................................................................. 2.600.000,00 ден

Улично осветлување во туристичка населба „Беровско Езеро„ Општина Берово трета фаза во Берово –......................................................... 4.230.702,00 ден

Изградба на електрична инсталација за осветлување на улица „11 Октомври„ .........200 000 ден

Изградба на електрична инсталација за осветлување на улица „Задарска„........... 300 000 ден

**ВКУПНО : 14.330.702,00 денари**

**Приходите ќе бидат обезбедени од наплата на комунална такса за улично осветлување.**

Во текот на 2025 година во Берово и по другите населени места во Општината се планира да се продолжи со набавка и вградување на нови светлосни тела за заштеда на електрична енергија.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува со вршење на редовни контроли преку теренски увиди за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во рамките на одржувањето на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напојни трафостаници. Извршител на сите овие активности ќе биде „ЕД Македонија", додека редовното одржување преку замена и проширување ќе го вршат стручни лица вработени или ангажирани во Општина Берово.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина.
Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во„ Службен гласник на Општина Берово "
Со влегување во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата за изградба,реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово 2025 година бр.3950/1 од 28.11.2024 год.

Бр.09-4172/1
18.12.2024 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
Претседател
Петар Ружински